


***Бесплатен концерт на Здравко Чолиќ, Есма Реџепова-Теодосиевска, заедно со Тамара Тодевска, Ламбе Алабаковски и други учесници, спонзориран од „Healthy Food by Zegin“, се одржа на 27 август 2015 година, на плоштадот во Берово. Со тоа се означи почетокот на Етно-фестивалот организиран од Општината Берово и „ЗЕГИН“.***

Во тие летни денови сите патишта водеа кон Берово, градот на екологијата, градот на еколошката органска храна. Притоа, „Healthy Food by Zegin“ ја проследи оваа манифестација со вкусната органска, еколошка храна на Берово. Така, Берово стана главна атракција на сите посетители кои сакаат да уживаат во добрата забава и природните убавини коишто ги нуди овој крај.

Гигантот во фармацевтската индустрија во Македонија па и пошироко „ЗЕГИН“, презентираше програма на производство на здрава храна. Станува збор за природна храна од Малешевијата која е најприсутна во овој крај и која е откупувана од граѓаните кои преработуваат различни плодови од природата. Тоа, во исто време претставува и бенефит за самите граѓани но и понуда на најквалитетна здрава храна на домашниот и странските пазари.

Под мотото „Направете храната да ви биде лек, а не лекот храна“, групацијата „ЗЕГИН“ првата продавница на производите „Healthy Food“ ја отвори токму во најчистиот и најбогатиот крај со единствен висококвалитетен дар од природата Берово, а производите се достапни и во сите други градови низ државата. Берово со овие можности и случувања кои ги нуди групацијата „Зегин“ направи чекор кон подобрувањето на бизнис климата и стадардот на вредните Малешевци.

Инаку, гигантот „ЗЕГИН“, чиј директор е познатиот бизнисмен Благој Механџиски, кој потекнува и е вљубеник во Малешевијата, поседува и работи со еден синџир на аптеки во Република Македонија, вклучувајќи го и Берово. „ЗЕГИН“  продава, а во исто време се занимава со промет на големо на лекови, медицински помагала и козметика. Меѓутоа, за првата продавница во Берово „Healthy Food by Zegin“, понуди диетални производи, како и додатоци во исхраната, но најмногу макробиотска храна.




VERTICAL GARDEN



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**